**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# ЛОЗАРСТВО

## - ИЗБОРНА -

**IV ГОДИНА**

***ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА СТРУКА***

***Лозаро-винарски техничар***

**Скопје, 2008 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ЛОЗАРСТВО

**1.2. Образовен профил и струка**

1.2.1. Образовен профил: лозаро-винарски техничар

1.2.2. Струка: земјоделско - ветеринарна

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

1.4.1. Четврта

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 66 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**

1.6.1. Изборен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по  предметот ***лозарство - изборна програма*** ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да го сфаќа значењето на кроењето врз приносите и квалитетот на грозјето;
- да ги познава системите на кроење;
- да го објаснува кроењето на зелено;
- да ја познава обработката на почвата на лозовите насади;
- да го опишува ѓубрењето и наводнувањето на виновата лоза;
- да ги објаснува постапките за заштита на виновата лоза од град  и  нега на оштетената винова лоза;
- да развива интерес за одгледување на виновата лоза;
- да се вклучува во тимска работа.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За постигнување на поставените цели по предметот ***лозџарство - изборна програма*** потребно е ученикот да поседува претходни знаења од наставните предмети: основи на земјоделие со ветеринарство од I година, биологија, хемија, педоло-гија и агрохемија на винова лоза од II година, земјоделска техника од II и III година, подигање и одгледување на лозови насади и лозарство од III година.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. КРОЕЊЕ НА ВИНОВАТА ЛОЗА** | **24** | ***Ученикот:***<br>- да го определува времето на кроење на виновата лоза;<br>- да ги познава техниките на кроење на виновата лоза;<br>- да го објаснува влијанието на надворешните и внатрешните фактори врз кроењето на виновата лоза;<br>- да ја толкува поврзаноста помеѓу коефициентот на родноста и оптоварувањето со родни окца при кроењето на виновата лоза;<br>- да ги познава системите на кроење на виновата лоза;<br>- да го опишува формирањето во првата, втората и третата година;<br>- да ги објаснува системите на редовното кроење;<br>- да ја разликува родноста кај | - Објаснување за поврзаноста меѓу коефициентот на родноста и оптоварувањето со родните окца при кроењето;<br>- презентирање на најважните системи за кроење: во глава, во кракови, еднокрак и двокрак гијов систем, роајатска хоризонтална кордуница и нејзино формирање, казенавлев систем, скљара кордуница, рибен рбет, мозеров систем, повеќекатни кордуници, арацио систем, силво кордуница, настев систем, одрина и лозница и кроење на измрзнати лози од зимски мразеви;<br>- демонстрирање на | - Лозарство<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | шпалирскиот систем од родноста кај одринскиот систем на одгледување на виновата лоза. | системите за кроење и примена на алат за кроење. | |
| **2. КРОЕЊЕ НА ЗЕЛЕНО** | **10** | - Да ја сфаќа важноста на кроењето на зелено за стабилни и високи приноси;<br>- да ги објаснува мерките при кроењето на зелено; лачење, поткршување на ластарите и филизите, кроење на лозни-ците измрзнати од пролетни мразеви, прстенување, проредување на лисјата и вештачко оплодување на соцветијата. | - Објаснување на важноста при примена на кроење на зелено;<br>- демонстрирање начин на кроење на зелено;<br>- организирање вежби за директна примена на поважните мерки на кроење на зелено;<br>- организирање на проектни задачи за кроење на зелено. | - Подигање и одгледување на лозови насади<br>- Лозарство<br>- Практична настава |
| **3. ОБРАБОТКА НА ПОЧВАТА** | **8** | - Да ја сфаќа важноста од правилната обработка на почвата во лозовиот насад;<br>- да ги познава начините на обработка на почвата во лозовиот насад;<br>- да го определува времето за одделни операции при обработка на почвата;<br>- да ги набројува машините и приклучната механизација за обработка на почвата во лозовиот насад. | - Објаснување за значењето на обработка на почвата врз приносите;<br>- презентирање на начините на обработка на почвата;<br>- демонстрирање на начините на обработка на почвата и примена на механизацијата;<br>- организирање на посета на саеми за земјоделска механизација. | - Подигање и одгледување на лозови насади<br>- Лозарство<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4. ЃУБРЕЊЕ НА ВИНОВАТА ЛОЗА** | **10** | - Да го сфаќа значењето на ѓубрењето на виновата лоза;<br>- да го објаснува влијанието на различните елементи од ѓубривата врз одгледувањето на виновата лоза;<br>- да ги разликува природните, минералните, комбинираните и комплексните ѓубрива;<br>- да го определува времето, количеството и начинот на ѓубрење и прихранување на лозата;<br>- да го објаснува ѓубрењето на виновата лоза во матичникот и вкоренилиштето. | - Презентирање на значењето на ѓубривата за развојот на виновата лоза;<br>- презентирање на различни видови ѓубрива;<br>- организирање на вежби за препознавање на различни видови на ѓубрива;<br>- организрање на вежби за ѓубрење на лозови насади ѓубрерастурачка;<br>- организирање на посета на фабрика за производство на минерални ѓубрива. | - Подигање и одгледување на лозови насади<br>- Лозарство<br>- Практична настава |
| **5. НАВОДНУВАЊЕ НА ВИНОВАТА ЛОЗА** | **10** | - Да ја сфаќа важноста од наводнувањето на виновата лоза за добивање на високи и квалитетни приноси;<br>- да го определува времето на наводнување;<br>- да пресметува норми на наводнување на виновата лоза;<br>- да ги објаснува начините на наводнување на виновата лоза: површинско, наводнување со вештачки дожд, подземно наводнување и наводнување со системот капка по капка. | - Објаснување за важноста од наводнување на виновата лоза;<br>- презентирање на слики, слајдови и графоскоп за времето, нормите и начините за наводнување на виновата лоза;<br>- организирање на теренска настава и посета на објекти на каналска мрежа на хидро-мелиоративни системи. | - Подигање и одгледување на лозови насади<br>- Лозарство<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **6. ЗАШТИТА НА ВИНОВАТА ЛОЗА ОД ГРАД И НЕГА НА ОШТЕТЕНИТЕ ЛОЗИ** | **4** | - Да ја сфаќа важноста од навремената превентивна заштита на виновата лоза од град;<br>- да ги опишува оштетувањата на виновата лоза од град;<br>- да ги објаснува постапките за нега на оштетената винова лоза од град. | - Презентирање на едукативни материјали за превентивна заштита од град и користење на противградобитна мрежа за заштита од град;<br>- презентирање на оштетена винова лоза од град;<br>- организирање посета на метеоролошка станица. | - Лозарство<br>- Практична настава |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Програмските содржини по ***лозарство - изборна програма*** имаат теоретски карактер и практично стручно значење, поради тоа во наставниот процес е потребна примена на разновидни наставни форми и методи. Така, покрај фронталните предавања, потребна е почеста работа со учениците во групи, парови и индивидуално. Постојат, исто така, можности за примена на разновидни наставни методи, односно постапки: покажување, објаснување, опишување, предавање, дискусија, работа на текст, Интернет пребарување и практична работа.

Во наставниот процес наставникот ја планира, организира и реализира наставата преку дефинирање и конкретизирање на задачите на часот и притоа врши усни излагања, објаснувања, демонстрирања, пишување и цртање на табла, давање инструкции.

Активноста на учениците се состои во: набљудување, прибележување, вежбање, поставување прашања, изведување на практични работи, домашни задачи и сл.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставата по предметот ***лозарство - изборна програма*** се остварува преку предавања кои ќе се реализираат во училници и кабинети. Покрај предавањата треба да се изведуваат вежби, практични операции и работни задачи во лозови насади во училишната економија или во акционерски друштва кои се занимаваат со производство, складирање, преработка, пакување и промет на грозје.

### 4.4. Наставни средства и помагала

Во наставниот процес се користат разновидни наставни средства и помагала: цртежи, филмови, дијафилмови, слики за графоскоп, компјутер, микроскоп, лабораториска опрема, прибор и земјоделска механизација за лозарско производство.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и оценувањето на постигањата на учениците треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на учебната година. Тоа се остварува во соработка со сите ученици преку разновидни форми и постапки: усни проверки, писмени задачи, тестови, проверки на домашни задачи, оценување на практичните способности на учениците при вршењето на вежбите, практичните операции и работните задачи, преку изготвување на проекти и сл.

Оценувањето на учениците се врши согласно со Правилникот за следење, вреднување и оценување на знаењата на учениците. Доколку ученикот не постигне резултати во реализирањето на конкретните цели на програмата, се постапува согласно законската регулатива за средно образование.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по овој наставен предмет треба да поседува лични, професионални и педагошки карактеристики, да е психофизички здрав, да е комуникативен и отворен за соработка, да поседува високи етички вредности, да ги применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да стекнал содоветно стручно образование, со и без работно искуство, да ја сака наставничката професија, да е добар организатор, креативен и способен за иновации во наставната технологија и постојано да се самообразува во струката и во педагошката област.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставниот предмет ***лозарсӣво - изборна ӣроīрама*** ќе го реализираат наставници со завршени студии по:

- ***земјоделсӣво***, лозаро-овоштарска или општа насока.

Наставниците треба да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит, согласно со Законот за средно образование.

### 6.3. Стандард за простор

Соодветно на карактерот на програмските содржини и целите што треба да се постигнат со наставата, содржините по овој предмет се реализираат во училница, кабинет, лабораторија, во училишна економија и просториите во нејзините придружни објекти, како и во лозови насади. Стандардот за простор е предвиден во нормативот за простор и опрема за земјоделско-ветеринарната струка.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** март 2008 година

**7.2. Состав на работната група**

1. Бранко Алексовски, раководител, Центар за стручно образование и обука - Скопје
2. д-р Петар Христов, професор, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје
3. Ефремчо Николов, наставник во СОЗШУ „Ѓорче Петров” - Кавадарци
4. Иван Керов, АД „Гоце Делчев” - Кавадарци

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2008 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***лозарство - изборна програма*** ја одобри министерот за образование и наука со решение број ***11-4721/7*** од ***20.06. 2008*** година.